**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 октомври 2004 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, Сала 1, со почеток во 12,06 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата се поканети: претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, како и шефовите на дипломатско-конзуларните мисии акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми од мое и Ваше име да ги поздравам присутните гости.

Имам особена чест и задоволство од името на Собранието на Република Македонија и од свое лично име да го поздравам присуството меѓу нас на претседателот на Европската комисија господинот Проди. (Бурен аплауз)

Ваша екселенцијо,

Вие повторно сте тука со нас, на денот што за Република Македонија има историско значење - кога со врачувањето на европскиот прашалник започнуваме да ја компарираме и прилагодуваме секојдневноста на нашите граѓани и нашата држава со Европа. Одговарајќи на прашалникот како во огледало ќе го видиме вистинското лице на нашата земја со нејзините достигања и со се она што треба да смениме и да станеме земја кандидат.

Оваа 2004 година ја нарекуваме и година на европската иднина за Република Македонија, влезе во сила Спогодбата за стабилизација и асоцијација, поднесовме барање за членство во Европската унија, усвоена е Националната

стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија, започнавме да користиме и некои од исклучително корисните инструменти и програми од процесот на приближувањето на земјите - кандидати. Собранието на Република Македонија, како репрезент на граѓаните, со посебна декларација уште еднаш ја потврди консензуалната согласност на сите релевантни политички субјекти за заедничката стратешка аспирација за евроинтегрирањето.

Почитуван господине Проди,

Вие спаѓате во оние европски лидери кои веќе се запаметени како татковци на проширувањето и економското, политичкото и културното обединување на Европа. Големото пресвртно проширување се случи во мај оваа година, а притоа со право е оценето дека тој процес ќе биде нецелосен доколку не го опфати и балканскиот простор во целина. Со вашиот личен ангажман забележително придонесовте во отворањето на јасни и реални перспективи на балканските земји за интеграција во Европската унија. Кругот на Вашата посветеност на големата задача го затворате на крајот на Вашиот мандат со денешната посета и упатување на уште една јасна порака за европската иднина на Македонија и регионот за што Ви должиме длабока благодарност.

Ваша екселенцијо,

Ве поканувам да се обратите пред пратениците на Собранието на Република Македонија.

РОМАНО ПРОДИ:

Господине претседател, почитувани пратеници,

Повторно сум пред ова Собрание со големи емоции.

Во февруари 2003 година имав чест да ви се обратам. Тогаш имаше голема надеж и големи очекувања.

Се сеќавам на обврската која заеднички ја прифативме, а тоа беше да го претвориме во реалност сонот за влез на Македонија во Европската унија. Тоа е сонот што му беше инспирација и двигател на претседателот Трајковски кому би сакал уште еднаш да му изразам лични изрази на почит.

Оттогаш многу работи се сторени за овој сон да стане реалност.

Европската унија ја одобри Агендата од Солун, која ја потврди одлуката за вклучување на земјите од Балканот во процесот на проширување на ЕУ. Тоа беше силна политичка одлука.

Присуството, военото присуство на НАТО остави простор на полициската мисија на Европската унија;

Македонската Влада речиси го заврши пакетот на политичко-административни реформи содржани во Охридскиот договор;

Во меѓувреме многу нешта се променија во Европската унија и на Балканот.

Процесот на проширување на Унијата продолжи. Десетина нови земји станаа членки на Европската унија. Европската унија како зона на мир, стабилност и просперитет се прошири за да ги прифати земјите со различни истории и традиции;

Истовремено, Унијата одлучи, врз основа на позитивното мислење на Комисијата, да ги започне преговорите за членство на Хрватска. Политичките заложби од Солун почнаа да добиваат конкретна форма.

Проширувањето пристигна на Балканот.

Моето присуство, овде, денес, е доказ дека овој процес не запира во Загреб туку се приближува кон Скопје. Се надевам дека во блиска иднина ќе можат да се приклучат и Белград, Тирана, Сараево.

На Европа и е потребен Балканот. Балканот ни е потребен на сите нас. Вашето отсуство од европските институции создава празнина. Не прави посиромашни.

Господине претседателе,

Почитувани пратеници,

Македонија напорно работеше во текот на минатата година за забрзувањето на процесот на политички, економски и административни реформи кои се неопходни за да почне процесот на приклучување кон Унијата. Тоа беше доказ на одговорноста и на решеноста.

За сето ова со задоволство им давам признание на политичките сили, на Владата и на македонскиот народ.

Патот кон Европа е веќе јасно исцртан. Целта за членство е конкретна и е на дофат, таа е пред вас.

Недостига последниот напор за да се зацврсти целта. Недостига, би можело да се каже со модерен јазик, последниот километар.

Но, не би бил добар пријател на Македонија, а како таков се чувствувам, доколку ви кажам дека работата е завршена и сé она што преостанува е да почнат преговорите.

Не е така. Има уште работа: треба да се донесат тешки одлуки; да се почитуваат преземените обврски; треба да се спроведат или да се завршат одделни реформи.

Не би сакал тука да набројувам сето она што треба да се стори. На средбите утринава и оние што следат попладне, имав и ќе имам можност да зборувам подетално. Јас тука би сакал само да нагласам дека во Македонија постои целосна свесност, на политичко и на административно ниво, за она што останува да се направи.

Оваа пригода би сакал да ја искористам за да истакнам неколку работи што сметам дека се од големо значење.

Господине претседател,

Почитувани пратеници,

Приклучувањето кон Европската унија не е и не може да биде цел само на владата, без оглед на нејзината политичка боја. Тоа е и треба да биде цел на целата земја, на сите нејзини политички сили, на сите нејзини граѓани.

Сите се повикани да дадат свој придонес во создавњето на неопходниот национален консензус околу суштинската фаза за историјата на една земја.

Сите ресурси треба да бидат мобилизирани.

Земјата во Европа кога се влегува во Европа, без оглед на тоа кој е на Владата. Тоа е лекцијата што ја научивме во текот на претходниот процес на проширување.

Овој процес е долг, комплексен. Прилагодувањата што треба да се извршат за да се приближат нашите законодавства ќе бидат од различен карактер.

Реформите што треба да се спроведат или да се завршат ќе имаат влијание врз животот на македонските граѓани, на сите нив.

Тоа е причината за моето присуство во Скопје.

За да ви кажам вам, за да и кажам на целата земја, на сите граѓани дека Европа сака да бидете дел од неа.

Тоа што дојдов лично да и го врачам Прашалникот на Македонската Влада не претставува административен чин. Тоа е политички чин. Тоа е чин на доверба.

Јас сум убеден, длабоко убеден, дека оваа земја заслужува доверба.

Убеден сум дека ќе знаеме заеднички да се соочиме и да ги надминеме последните предизвици кои сé уште се испречуваат на патот на вашето приклучување кон Европската унија.

Господине претседател,

Почитувани пратеници,

Има уште една работа што многу ми значи и би сакал да ја споделам со вас.

Често слушам дека се зборува за услови наметнати однадвор, за правила кои ги “диктира” Брисел. Никогаш не сум верувал во вакво тврдење.

Членството во Европската унија секако носи предности, но тоа исто така и обврски. А меѓу обврските, секако најважно е споделувањето на истиот систем на политички и економски вредности. Затоа што влегуваме во една единствена фамилија, семејство.

Ќе ви кажам дека Европската унија не е само зона на слободен пазар. Европската унија е пред сé Унија на вредности. Тоа е голем политички проект.

Би можеле да се потсетиме дека корените на Унијата можат да се најдат во волјата да се надминат поделбите кои во период од повеќе од сто години ги доведоа Франција и Германија до крвави судири и сурови конфликти.

Далекусежниот политички проект на една мала група државници беше да се создаде механизам на заеднички интереси кој би бил цврст и обврзувачки така што би ја оневозможил повторната појава на вооружени конфликти.

И тој проект успеа. Денес е невозможно да се замисли вооружен конфликт меѓу европските земји.

Унијата прерасна во зона на политичка стабилност и економски напредок, а слична на неа нема во цел свет.

И со мојата вообичаена искреност, искреност што можат да си ја дозволат само вистинските пријатели, би сакал да кажам дека во одредена мера Македонија треба да се соочи со истите одлуки кои беа пред државниците на Франција и Германија пред 50 години.

Значи, да се гледа напред, заеднички да се гради проект на мир, стабилност и просперитет. Или да се остане поврзан со минатото и да се троши сета енергија во меѓусебни бескрајни обвинувања за грешките и неправдите што биле направени или претрпени.

За да се направи овој избор, потребно е јасно да се гледа на нештата во иднина, да се знае да се гледа над границите на моменталниот политички хоризонт, над интересот на една партија.

Треба да се има чувство за државата.

А, иднината на својата земја да се носи во срцето.

Мој впечаток е дека уште од своето осамостојување во тие тешки моменти, оваа далекусежност преовладува во Македонија.

Не секогаш патот беше едноставен, не секогаш праволиниски. Меѓутоа во клучните моменти кога биле донесувани одлуки, Македонците знаеле да гледаат кон иднината, а не да се вртат кон минатото.

Грижата за иднината на новите генерации беше одлучувачка при донесувањето на суштинските политички одлуки.

Јас искрено се надевам дека одлуките кои ќе бидат донесени во ова Собрание од страна на пратениците кои се избрани од граѓаните, како и одлуките кои ќе бидат донесени надвор од ова Собрание, директно од страна на македонскиот народ, и натаму ќе бидат насочени кон иднината.

Дека ќе бидат насочени кон стабилноста на Македонија, кон нејзината благосостојба, нејзиниот просперитет.

Би сакал да бидам уште појасен. Од 2001 година досега реализацијата на Охридскиот договор претставуваше заедничка политичка основа која и дозволуваше на Македонија да надмине еден особено тежок момент на внатрешна нестабилност. Тој Договор отвори ново поглавје во историјата на оваа земја.

Тој се заснова на едноставна идеја која е од суштинско значење: единство во почитувањето на различноста. Принцип кој е во самата основа на европската конструкција дотаму што стана мото: “Обединетост во различноста”.

Договорот од Охрид веќе три години е фактор на сила и национална обединетост. Процесот на децентрализација што е во него содржан, исто така, претставува фактор на сила и национална кохезија.

Децентрализацијата не е инструмент чија намена е да послужи во делењето на земјата или намалувањето на нејзината унитарност. Напротив, таа е начин за поставување цврсти и длабоки корени на локалната демократија, за давање придонес кон економскиот развој, за обезбедување подобар квалитет на јавните услуги.

Пред година и пол, во оваа иста сала, пред вас, зборував за покажувањето одговорност во однос на темите поврзани со европската интеграција и во однос на неопходноста да ја земете вашата иднина во вашите раце.

Денес ви ги повторувам истите тие зборови. Со уште поголема убеденост од минатиот пат.

Потребна е одговорност за големите теми кои се основа на европската интеграција, како што е почитувањето на човековите права и правата на малцинствата.

Според мене, најзначајната карактеристика на Европската унија е онаа што ја дефинира како унија на малцинства.

Бидејќи, јас ви повторувам дека најубавата дефиниција на Европската унија е дека тоа е унија на малцинства и додека ова не го ставиме во нашите души, во нашите срца нема да можеме да ја направиме Европската унија. Затоа што, ниту една членка, без оглед на нејзината големина и влијание, не може на другите да им го наметне своето мислење, своите закони. Тоа е голема вистина на Европската унија. Тоа ни Германија ни Франција, никој од нив не може да го направи тоа. Ние наскоро ќе живееме сите заедно во една земја во која што ќе има длабока почит за малцинствата. И ако е тоа надвор од земјите, тоа мора да постои, особено внатре во земјите. Ова е многу важен момент кој што се рефлектира веднаш во тоа да се биде во Европа.

Треба да ја земете вашата иднина во вашите раце и треба да го изберете патот самите вие кој сакате да го следите. Затоа, јас не сум тој што ќе треба да ви каже што треба да направите.

Мене ми останува да ви кажам и тоа со сета моја убеденост дека Европа е тука, таа е блиску, на дофат. Мене ми останува да ви кажам дека нашата врата е отворена. И дека од административна и финансиска гледна точка ги создадовме сите неопходни услови за да ве примиме.

Меѓутоа одлуката да влезете е само ваша и само ваша. Чека само вие да кажете дали ја сакате Европа, Европа во мир, толеранција, правда, солидарност.

Ние веќе кажавме и денес уште еднаш свечено ќе ви повторам дека Европа ја сака Македонија.

Благодарам.

(Бурен и продолжен аплауз)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Драги гости, пријатели, драги пратеници,

Му благодарам на господин Романо Проди за неговото обраќање.

Ја заклучувам Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,25 часот).